Во општина Новаци е формиран Локален младински совет со Решение бр.14-547/17 од 21.06.2019. Бројот на членови на овој Совет е 5(пет) члена,со мандат од 2(две) години.Истите се избрани со објавување на Јавен повик на Web страната на Општина Новаци ,на ден 13.05.2022 година.

Напоменуваме дека мандатот на овие членови на Локалниот младински совет е поминат и во моментот има Барање од 25.02.2022 година од 6(шест) лица –Иницијативен одбор за свикување на Младинско собрание за смена на лицата чиј мандат е поминат.

После постапката за избор на нови членови на Локалниот младински совет на Општина Новаци ќе Ве информираме за имињата на новите членови и целата постапка околу нивниот избор.

Со почит,

Изработил:Ирена Поповска Талевска

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

[redacted]

До: Општина Новаци
с. Новаци
7211, Новаци

# БАРАЊЕ

**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија бр. 13/06, бр. 86/08, бр. 6/10, бр. 42/14, бр. 148/15, бр. 55/16 и бр.98/19), бараме да ни овозможите пристап до одредени информации од јавен карактер за потребите на проектна активност реализирана од страна на [redacted]

Имено, во рамките на проектот „Преку инклузија и транспарентност до еднаквост и квалитет: Подобрување на процесите на локално буџетирање во Северна Македонија“ [redacted] реализира мерење на индексот на отворени општини, за чие успешно спроведување има потреба од обезбедување на податоци од јавен карактер:

1. **Дали буџетот на општината за 2021 година е донесен согласно законскиот рок (31.12.2020)? Наведете го датумот на донесување на буџетот**
2. **Дали општината има пропишани процедури за вклучување на граѓаните во процесот на планирање на буџетот? Доколку има, испратете ни го линкот од процедурата или наведете го датумот на донесување и во каде може да се најде.**
3. **Дали буџетот на општината за 2021 година содржел програма за финансирање на маргинализирана/и група/и? Доколку има, наведете го името на буџетската програма или ставка, и објаснете за која маргинализирана група се однесуваат.**
4. **Дали општината има родово одговорни индикатори во буџетските програми за 2021 година? Доколку има, напишете ја листата на индикатори.**
5. **Дали според завршната сметка за 2021 година, општината ги реализирала програмите за**
6. **финансирање на маргинализираните групи? Доколку да, ставете го линкот до известувањето.**

**Форма во која се бара информацијата:**

1) увид
2) препис
3) фотокопија
4) **електронски запис (пожелно е во word или во excel формат)**
5) друго ______________

**Начин на доставување на информацијата:**

1) по пошта
2) телефон
3) факс
4) **е-маил**
5) друго ______________

[redacted]

[redacted]

**Барател на информацијата:** [redacted]

**Застапник/полномошник на барателот на информацијата:**

[redacted]

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

Датум: 29.08.2022

Подносител

[redacted]

Република Северна Македонија
Општина Новаци
Бр. 19-200/18
19.09.2022 год
Новаци

ОПШТИНА НОВАЦИ, 7211 Новаци, Република Северна Македонија
тел/факс 047-203-060; тел:. 047-282-900; **e-mail- novacio@t.mk**

До
[redacted]

Предмет: Одговор на Барање за информации од јавен карактер

Почитувани,

Во врска со вашето Барање за инфорации од јавен карактер наш број 19-200/17 од 29.08.2022 г, Општина Новаци Ви ги доставува следните барани информации

1.Буџетот на Општина Новаци за 2021 година е донесен согласно законскиот рок (31.12.2020).Истиот е донесен на ден 29.12.2021 година.

2.Општината нема пропишани процедури за вклучување на граѓаните во процесот на планирање на буџетот , меѓутоа граѓаните се вклучени во процесот на планирање преку давање на предлози на организирани состаноци на месни заедници и директно на Web страната на општината.

3.Буџетот на општината за 2021 година содржи програма за финансирање на маргинализирани групи,Програма 471 110 А0,Д0-Социјална парична помош.

4.Општината нема родово одговорни индикатори во буџетските програми за 2021 година .

5.Според завршната сметка за 2021 година ,општината ги реализирала програмите за финансирање на маргинализираните групи.
https://opstinanovaci.gov.mk/wp-content/uploads/2022/03/Zavrsna-smetka-za-2021.pdf

Со почит,

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Изработил:Ирена Поповска Талевска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА НОВАЦИ
НОВАЦИ

| Примено | 24.08 2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. ед. | Број | Прилог | Вредност |
| 19 | 200/13 | | |


До Општина Новаци

**Б А Р А Њ Е**
**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија бр. 101/19“), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

(опис на информацијата која се бара)

1. Име, презиме и контакт (e-mail и телфонски број) од Координаторот за еднакви можности и датум на негово назначување.
2. Дали делокругот на работата и задачите на координаторот за еднакви можности се утврдени во актот за систематизација на работните места на единицата на локалната самоуправа?
    a. Доколку одговорот на прашање број два е негативен, ве молиме наведете ја работната позиција и категорија и ниво на административен службеник за лицето кое ја обавува работата на координатор за еднакви можности.
3. Листа на членови на Комисија за еднакви можности во 2021 година и нивни контакти (e-mail и телфонски број)
4. Листа на членови на советот на ЕЛС и нивни контакти.
5. Копија од Годишен извештај поднесен до МТСП.
6. Буџет на ЕЛС за 2021
7. Стратегија за Локален Економски Развој и акциски план (валидни за 2021 година).
8. Документ со посебни мерки за родова еднаквост (валидни за 2021).
    a. Стратегија,
    b. Акциски план
    c. Програма
9. Доколку има општината донесено документ со посебни мерки за родова еднаквост (Стратегија, акциски план или програма за еднакви можности) (валидни за 2021) -која е висината на **одобрените средства** за реализација на мерките за родова еднаквост за 2021 година **и во која програма, потпрограма и ставка од Буџетот за 2021 година се планирани средствата.**
10. Доколку има општината донесено документ со посебни мерки за родова еднаквост (Стратегија, акциски план или програма за еднакви можности) (валидни за 2021) -која е висината на **потрошените средства за реализација на мерките за родова еднаквост** за 2021 година и **во која програма, потпрограма и ставка од Буџетот за 2021 година се планирани средствата**.

Форма во која се бара информацијата:
а) електронски запис
б) по пошта

(се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
а) е-маил
б) по пошта

Барател на информацијата:
[redacted]

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:
[redacted]

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

Во Скопје [redacted] Датум 17.06.2022 година

ОПШТИНА НОВАЦИ, 7211 Новаци, Република Северна Македонија
тел/фах 047-203-060; тел:. 047-282-900; e-mail- novacio@t.mk

Република Северна Македонија
Општина Новаци
Бр. 19-200/14
25.08.2022 год
Новаци

До
[redacted]

Предмет: Одговор на Барање за пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

Во врска со Вашето Барање за пристап до информации од јавен карактер ,Општина Новаци Ви ги доставува следните информации:

1.Координатор за еднакви можности на мажите и жените во Општина Новаци е административниот службеник Ирена Поповска Талевска email: irena.novacio@gmail.com, Тел.078 282 319 и 076 200 507.Назначена за Координатор за еднакви можности на ден 30.01.2019 година.

2.Со постоечкиот акт за систематизација на работни места не се утврдени делокругот на работата и задачите на координаторот за еднакви можности и истиот е распореден на работно место Советник за Управување и координирање со човечки ресурси.

3.Листа на членови на Комисијата за еднакви можности во 2021 (избрани на Локални избори 2021 година

- -Сузана Јовановски- претседател
- -Љупчо Петровски- член
- -Славица Најдовска-Стојковска-член
- -Пецо Стојчевски-член
- -Александар Канзуровски-член.

4.Листа на членови на советот на Општина Новаци и нивни контакти

| ПРИЛОГ 2 | | |
|---|---|---|
| **БАЗА НА ПОДАТОЦИ НА ЗЕЛС ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ НА ОПШТИНАТА И ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ ЗА МАНДАТ 2021-2025 ГОДИНА** | | |
| **ОПШТИНА НОВАЦИ** | | |
| **ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ** | **МОБИЛЕН** | **ЕЛЕКТРОНСКА АДРЕСА** |
| 1. Славица Најдовска | 076 296 461 | caletons@yahoo.com |

| ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТ НА ОПШТИНА | | |
|---|---|---|
| **СОВЕТНИК** | **МОБИЛЕН** | **ЕЛЕКТРОНСКА АДРЕСА** |
| 2 Горан Велјановски | 075 224 669<br>076 234 428 | goranveljanovski80@gmail.com |
| 3 Николче Димовски | 070 705 416<br>075 344 125 | dimovskinikolce@yahoo.com |
| 4 Пецо Дојчиновски | 070 261 713<br>075 344 126 | pecedojcinovski@icloud.com |
| 8 Александар Канзуровски | 075 610 277<br>078 356 897 | kanzur_kanzur@hotmail.com |
| 6 Котевски Иванчо | 076 544 007<br>070 339 452 | kotevski_ivanco@hotmail.com |
| 7 Наумче Смилевски | 075 302 658<br>078 356 982 | naumce.smilevski@gmail.com |
| 8 Љупчо Петровски | 071 235 559<br>078 358 975 | ljupco.petrovski@hotmail.com |
| 9 Сузана Јовановска | 076 713 766<br>078 330 096 | suzi_1984@live.com |

5.Во прилог по електонски пат Ви го доставуваме Годишниот извештај за 2021 година поднесен до МТСП.

6.Ве информираме дека Буџетот на Општина Новаци е објавен на Web страната а општината и од истиот ќе Ви испратам линк.
https://opstinanovaci.gov.mk/documents/%d0%b1%d1%83%d1%9f%d0%b5%d1%82-2021-%d0%b3%d0%be%d0%b4%d0%b8%d0%bd%d0%b0-2/

7. Во врска со ова прашање Ве информираме дека во тек е постапка за отпочнување со изработка на Стратегија за Локален Економски Развој.

8. Валиден документ со посебни мерки за родова еднаквост е Програмата за родова еднаквост за 2021.

9.Висина на одобрените средства за реализацијата на мерките за родова еднаквост за 2021 година е 20.000,00 , планирани во Програма X 1 Родова еднаквост , потпрограма X 1 0 Родова еднаквост.

10. Ве известуваме дека планираните средства не се потрошени за реализација на мерките за родова еднаквост за 2021.

Со почит,

Изработил: Ирена Поповска Талевска

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА НОВАЦИ
НОВАЦИ

| Примено: | 28.07.2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. ед. | Број | Прилог | Вредност |
| 19 | 200/11 | | |

(Образец ПП___)

**До:**
**Општина Новаци**
(Имател на информацијата)

# БАРАЊЕ

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

**Од:**

[redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Годишните извештаи за бројот на заловени и третирани бездомни животни на територија на Општина Новаци за **2019, 2020, 2021 и првата половина од 2022 година (до 30.6.2022).**

   Извештаите бараме да бидат изготвени согласно форматот определен со член 9, став (1), точка 1 од **Правилникот за техничките услови за прифатилиштата (141/10)** и член 20, став (2), точка 1 од **Правилникот за интервенции и третман на бездомните кучиња (44/21)**.

   Напоменуваме дека водењето на евиденција е законска обврска на давателот на услугите со кој Општина Новаци има склучено договор и не смее да отстапува од пропишаниот формат.

2. Дали Советот на Општина Новаци има донесено ***Програма за контрола на популација на бездомни кучиња*** (законска обврска на општината) **и дали истата ја има доставувано до Агенцијата за храна и ветеринарство на одобрување?**

3. Износ на **висина на трошоци** на кои е изложена Општина Новаци во постапките пред надлежни судови во **предмети за одговорност на надомест на штета причинета од каснување на граѓани од бездомни кучиња** за временскиот период 2019-2021 година?

**Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:**

- а) увид
- б) препис
- **в) фотокопија**
- г) електронски запис
- д) друго

**Начин на доставување на информацијата**:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Република Северна Македонија
Општина Новаци
Бр. 19-200/12
23.08.2022 год
Новаци

ОПШТИНА НОВАЦИ, 7211 Новаци, Република Северна Македонија
тел/фах 047-203-060; тел:. 047-282-900; e-mail- novacio@t.mk

До
[redacted]

Предмет: Одговор на Барање за информации од јавен карактер

Почитувани,

Во врска со вашето Барање за инфорации од јавен карактер, Општина Новаци Ви ги доставува следните барани информации

1.Општина Новаци има склучено договор преку тендерска постапка за заловување на бездомните кучиња со ветеринарна станица "Проветалек" ДООЕЛ Новаци само за 2021 година.Во прилог Ви ги доставувам спецификациите доставени од Александар Алексов-ветеринарен доктор вработен во ветеринарна станица "Проветалек" .

2.Во однос на второто прашање Ве информираме дека Советот на Општина Новаци има донесено Програма за решавање на проблемот со бездомните животни на подрачјето на општина Новаци (Службен гласник на Општина Новаци бр.01/2019 ) , Програма за дополнување на Програма за решавање на проблемот со бездомните животни на подрачјето на општина Новаци(Службен гласник на Општина Новаци бр.03/2019) и План за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Новаци за периодот 2019-2020 (Службен гласник на Општина Новаци бр.03/2019).
https://opstinanovaci.gov.mk/dokumenti/sluzben-glasnik/2019-godina/Sluzben_glasnik_01-2019.pdf
https://opstinanovaci.gov.mk/dokumenti/sluzben-glasnik/2019-godina/Sluzben_glasnik_03-2019.pdf
Ве информираме дека донесената Програма за решавање на проблемот со бездомните животни на подрачјето на општина Новаци (Службен гласник на Општина Новаци бр.01/2019 ) и измената на истата не е доставена до Агенцијата за храна и ветеринарство на одобрување.

3.Во однос на поднесени предмети за одговорност на надомест на штета причинета од каснување на граѓани од бездомни кучиња за временскиот период 2019-2021 година ,Ве информираме дека е поднесен **еден** предмет и исплатени се 112.000,00 денари како трошоци по истиот предмет како надомест на штета.

Со почит,

Изработил:Ирена Поповска Талевска

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА НОВАЦИ
НОВАЦИ

| Примено: | 19. 04. 2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. ед. | Број | Прилог | Вредност |
| 19 | 200/9 | | |

[redacted]

[redacted]

бр. 0302-155/22

12.04.2022 година

До: Општина Новаци
С. Новаци
Република Северна Македонија
Електронска пошта: opstina@opstinanovaci.gov.mk

Во: Скопје
Датум: 12.04.2022 година

**БАРАЊЕ**
**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија" бр. 13/06; бр. 86/08, бр. 6/10 и бр. 42/14), **Ве молиме како имател да ни ги доставите следниве информации од јавен карактер:**

1. Да ни доставите **податоци за вработените во Општина Новаци за 2021 година, посебно според наведените прашања:**
   1. Вкупен број на вработени, поделени по пол;
   2. Вработени на раководни работни места, поделени по пол;
   3. Вработени на нераководни работни места, поделени по пол;
   4. Вкупен број на вработени Роми, поделени по пол;
   5. Вработени Роми на раководни позиции, поделени по пол.

2. Да ни доставите **податоци за вработените Ромки во Општина Новаци за 2021 година, посебно според наведените прашања:**
   1. Назив на работно место на вработените Ромки;
   2. Степен на образование на Ромките за конкретните работни места на кои се вработени

Форма во која се бара информацијата:
- а) увид
- б) препис √
- в) фотокопија
- **г) електронски запис mail: olivera.stojkovska@hera.org.mk**
- д) друго---------------------------------------------------------------------

[redacted]

[redacted]

[redacted]

бр. ______________________

година

Начин на доставување на информацијата:
- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс

**-г) е-маил:** [redacted]

- д) друго-----------------------------------------------------------------------

Барател на информација:

[redacted]

**E-mail:** [redacted]

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

Изготвила: [redacted]

[redacted]

[redacted]

Република Северна Македонија
Општина Новаци
Бр. 19-200/10
19.04.2022 год
Новаци

До
[redacted]

Предмет: **Одговор на барање** за пристап до информации од јавен карактер

Почитувани ,

Во врска со вашето Барање за пристап до информации од јавен карактер бр.0302-155/22 од 12.04.2022 год. Општина Новаци Ви ги доставува следните податоци за вработените за 2021 година.

1.1.Во Општина Новаци вработени се вкупно **36 (триесет и шест) лица** и тоа **21 (дваесет и еден) маж и 15(петнаесет) жени**

2.Раководни работни места- 2 раководители на одделение- **2 жени**
-1 Секретар на општина -**маж**

3.Нераководни работни места - **20 мажи**
-**13 жени**

4.Нема вработени Роми
5./

2. Во Општина Новаци нема вработени Ромки.

Изработил:
Ирена Поповска Талевска

ОПШТИНА НОВАЦИ
Градоначалник
Стевче Стевановски

[redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА НОВАЦИ
НОВАЦИ
Примено: 30.03.2022
Орг. ед. 19 Број 200/7 Прилог Вредност

**До: Општина Новаци**

# БАРАЊЕ

## за пристап до информации од јавен карактер

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Македонија" бр. 101/19), од имателот ги бараме следните информации од јавен карактер:

1. **Дали во периодот од 01.01.2021 до 31.03.2022 година сте користеле услуги на надворешни физички и/или правни лица за спроведување на постапките за јавни набавки?**
2. **Како е извршен изборот на ангажираните физички и/или правни лица?**
3. **Какви услуги сте користеле од ангажираните физички и/или правни лица во периодот од 01.01.2021 до 31.03.2022 година?**
4. **Како е одредено плаќањето за ангажираните физички и/или правни лица (еднократен годишен износ, месечен паушален износ, по извршена услуга итн.)? Колку изнесува тој износ?**
5. **Дали ангажираните физички и/или правни лица потпишуваа изјави за непостоење на судир на интереси во постапките за јавни набавки во чие спроведување учествувале? Доколку да, доставете ни ги потпишаните изјави за бараниот период.**
6. **Дали ангажираните физички и/или правни лица потпишуваа изјава за доверливост на информациите до кои доаѓаат во постапките за јавни набавки во чие спроведување учествувале? Доколку да, доставете ни ги потпишаните изјави за бараниот период.**
7. **Бројот на вработени во вашата институција кои работат во организационата единица задолжена за јавни набавки?**
8. **Колку вработени во вашата институција во 2021/22 година имале важечка потврда за положен испит за лице за јавни набавки?**

Форма во која се бара информацијата:
- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго-------------------------------------------------------------------

Република Северна Македонија
Општина Новаци
Бр. 19-200/8
30.03.2022 год
Новаци

ОПШТИНА НОВАЦИ, 7211 Новаци, Република Северна Македонија
Тел./факс: 047-203-060; e-mail- novacio@t.mk

До
[redacted]

**Предмет :Одговор на барање за информации од јавен карактер**

Почитувани , согласно Вашето барање Ве известуваме дека во период од 01.01.2021 до 31.10.2021 општина Новаци имаше ангажирано консултат во врска со јавните набавки врз основа на склучен договор за дело согласно член 2 став 15 од Законот за јавни набавки (Службен весник на РСМ бр 24/2019). Лицето кое беше ангажирано не учествуваше како надворешно лице во спроведување на постапките за јавни набавки туку само како консултант во врска со објавувањето на огласите и содржината на тендерската документација . На лицето му се плаќаше месечен паушал во износ од 10.000 денари + ДДВ 18% и персонален данок на доход согласно договорот .

Во нашата инстутиција која е мала работи само едно лице во областа на јавните набавки и истото има важечка потврда за положен испит за лице за јавни набавки.

**Општина Новаци**
**Филип Радевски**
**советник за јавни набавки**

Република Северна Македонија Општина Новаци

( Образец ПП……) [redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА НОВАЦИ
НОВАЦИ

| Примено: | 17. 03. 2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. ед. | Број: | Прилог | Вредност |
| 19 | 200/5 | | |

**До: Општина Новаци**
**(имател на информацијата)**

## БАРАЊЕ

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: [redacted]

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Дали општината има пропишано посебни постапки со кои се обезбедува остварување на правото на пристап до информациите и учество на јавноста во донесувањето на одлуките кои се однесуваат на состојбата на животната средина согласно чл. 17 од Законот за животната средина? Ако има пропишано посебни постапки доставете ни примерок (како документ или линк од веб страницата)?
2. Дали општината има изработено извештај за состојбата на животната средина *(чл. 45 ст. 5 од Закон за животната средина)*? Ако да, ве молиме доставете ни го последно донесениот извештај?
3. Дали општината ги исполнува условите за издавање Б-интегрирана еколошка дозвола? *(чл. 123 од Закон за животната средина)*?
4. Дали општината има вработено овластени инспектори за животна средина на општината? Ако да, колку овластени инспектори има?
5. Дали во рамки на општината е формирана локална мрежа за мониторинг на животната средина во смисла на член 34 од Законот за животната средина? Ако е формирана кој ја сочинува, кога е формирана и што влегува во делокругот на работа?
6. Дали општината има донесено локален акционен план за животната средина согласно чл. 60 од Закон за животната средина? Ако има донесено, ве молиме доставете ни примерок од документот. Дали во изработката учествуваа лица под 30 години или младински организации? Кој го сочинува телото за следење на имплементацијата на ЛАП-от за животна средина?
7. Дали општината има усвоено Локална агенда 21 како локален документ за одржлив развој согласно чл. 186 ст. 3 и 4 од Законот за животната средина? Ако да ве молиме да ни доставите примерок. Дали во изработката учествуваа лица под 30 години или младински организации?
8. Дали на територијата на општината постои заштитено подрачје согласно Законот за заштита на природата? Ако има доставете листа од заштитените подрачја
9. Дали во општината е формирано партиципативно тело за урбанистичко планирање (Согласно членот 46 од Законот за урбанистичко планирање? Ако е формирано кој го сочинува? Дали во партиципативното тело учествуваат лица под 30 години?
10. Дали во рамки на општината е формиран локален младински совет? Ако е формиран кој го сочинува и споделете одговорно лице за контакт.

11. Дали општината има донесено локална стратегија за млади и/или акциски план? Ако да ве молиме споделете го документот.
12. На кој начин општината обезбедува учество на претставници на младите во креирањето политики на локално ниво?
13. Доколку Општината располага со листа на активни граѓански организации кои работат и дејствуваат во рамки на општината ве молиме да ја споделите.

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго ________________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ________________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

[redacted]

**Во Скопје, 11 Март 2022 година**

[redacted]

**ДО:** Општина Новаци

**ОД:** [redacted]

**ПРЕДМЕТ:** Пропратно писмо

**ДАТУМ:** 11.03.2022

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА НОВАЦИ
НОВАЦИ

| Примено | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. ед. | Број | Прилог | Вредност |
| | | | |

Почитувани,

[redacted] започна со спроведување на проект *„Младински активизам за позелени општини“*, е поддржан од Европска Унија во рамки на ИПА програмата *Support to civic youth initiatives, activism and volunteering in local communities* EuropeAid/171333/DD/ACT/MK.

Целта на проектот е зголемено учество на младинските организации и младите во процесите на креирање политики за животна средина на локално ниво, како и поддршка на општините во овие процеси.

Со цел соодветно планирање на активностите за поддршка на општините Ви испраќаме барање за слободен пристап на информации од јавен карактер. Доставените информации ќе ни овозможат утврдување на состојбите и потребите на општината во процесот на креирање на политики за младинско учество и прашања од областа на животна средина. Информациите можете да ни ги доставете во електронска форма на е-маил адресата наведена во барањето.

За сите детали поврзани со проектните активности, ќе бидете навремено известени.

Доколку имате дополнителни прашања Ви стоиме на располагање.

Лице за контакт: [redacted]

[redacted]

Проектот е финансиран од
Европската Унија

Република Северна Македонија
Општина Новаци
Бр. 19-200/6
24. 03. 2022 год
Новаци

ОПШТИНА НОВАЦИ, 7211 Новаци, Република Северна Македонија
Тел./факс: 047-203-060; тел:. 047-282-900; e-mail- novacio@t.mk

До

[redacted]

[redacted]

[redacted]

**Предмет: Одговор на Барање за слободен пристап на информации од јавен карактер**

**Врска Ваш бр.10306-370/1 од 11.03.2022 г**

Почитувани,

Согласно Вашето барање во прилог Ви ги доставуваме бараните информации со кои располагаме.

По однос на првото прашање од вашето барање, општина Новаци **нема пропишано** посебни постапки со кои се обезбедува остварување на правото на пристап до информациите и учеството на јавноста во донесувањето на одлуките кои се однесуваат на состојбата на животната средина.

По однос на второто прашање, општина Новаци **нема изработено извештај** за состојбата на животната средина согласно член.17 од Законот за животна средина.

По однос на третото прашање, општина Новаци **ги исполнува условите** за издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола.Општината има издадено една Б Ђинтегрирана еколошка дозвола со важност до април 2021г и една (истата) во постапка за обновување.

По однос на четвртото прашање, општина Новаци **има вработено** еден овластен инспектор за животна средина .

По однос на петтото прашање во рамки на општината **не е формирана** локална мрежа за мониторинг на животната средина во смисла на член.34 од Законот за животна средина.

По однос на шестото прашање, општина Новаци **нема донесено** Локален Акционен План за животна средина согласно член.60 од законот .

По однос на седмото прашање, општина Новаци **нема усвоено** Локална агенда 21

По однос на осмото прашање на територија на општина Новаци **има еден заштитен споменик на природата** а тоа е Градешка река со Камениот мост во село Зовиќ, Битолскиот дел на Мариово, општина Новаци .

По однос на деветтото прашање општина Новаци **има формирано партиципативно тело** за урбанистичко планирање и го сочинуваат 13 членови и тоа членови од Советот на општината , претседатели на Месни заедници, член на невладина и стручно лице, член на комисија за урбанизам, вработени во општината , стручно лице вработено во општина Новаци,претставници на здружение на граѓани од општина Новаци.

По однос на десеттото прашање во Општина Новаци **во фаза на формирање е Локален младински совет** .Формиран е иницијативен одбор за свикување на собрание за избор на членови во младинскиот совет.

По однос на единаесеттото прашање општина Новаци **нема донесено локална стратегија** за млади/или акциски план.

По однос на дванаесеттото прашање општината обезбедува учество на младите во креирањето политики на локално ниво преку разни работилници, локални проекти иницирани од младите, форуми и тн.

Општина Новаци располага со следната **листа на активни граѓански организации и здруженија.**

1.Здружение на граѓани за заштита на природното и културното наследство на Мариово -НЕТОП

2. Здружение фудбалски клуб ЗФК Новаци 2005

3. Здружение Пелагониски Културно-научни средби Новаци

4. Здружение за ревитализација на с.Груништа

5. Здружение фудбалски клуб ЗФК Пелагонија-с.Добромири

6. Здружение фудбалски клуб ЗФК Новаци2011-с.Новаци

7. Здружение Меморијален турнир во мал фудба-ПЕЦАК-ПМ 2001 с.Новаци

8. Здружение за едукација и развој, рурален едукативен центар с.Бач

9. Здружение на жени-Силата на бабата с.Новаци

10. Здружение Училишен спортски клуб Славко Лумбарковски с.Новаци

11. Здружение на граѓани КУД Новаци од Новаци

12. Здружение за мода ПИКСИ СТУДИО-Новаци

Со почит

Дата 24.03.2022 г

Изработил

Петар Велјановски

Општина Новаци

Секретар

Стевче Ангелевски

Република Северна Македонија Општина Новаци Новаци